Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-85/6
25-03-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-85/1 од 14.1.2025 година поднесена од од Скопје, против ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари, за извршена дискриминација врз основа на политичко уверување, во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работа и работни односи сторена од страна на ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари врз .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-85/1 од 14.1.2025 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари.

Согласно наводите на претставката, подносителката од 2021 година била вработена како негователка во ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари, при што истовремено е и член на Советот на Општина Шуто Оризари. Оттука, во претставката е наведена дека подолг временски период не е во добри односи со градоначалникот на Шуто Оризари, дополнувајќи дека на седниците на општинскиот совет гласа по сопствено убедување и многу често не се согласува со предлозите на предлагачот, односно градоначалникот. Во смисла на претходно наведеното, во претставката е истакнато дека градоначалникот, со цел врз неа да изврши притисок преку својот незаконски поставен директор на градинката во која подносителката е вработена, вршителката на должноста директор на ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари презема штетни дејствија за подносителката. Оттука, наведено е дека од нејзина страна, на 28.10.2024 година било донесено решение за прераспределба на подносителката од работна позиција негувателка на работна позиција хигиеничарка. Во однос на наведеното решение, подносителката наведува дека истото е донесено спротивно на закон, врачено ѝ било на крајот на работното време при што ѝ било пренесено дека од 1.1.2024 година во градинката ќе е вработена како хигиеничарка. По вака донесеното решение, подносителката поднела приговор до Управниот одбор на градинката, при што на 11.11.2024 година бил донесено решение за одбивање на поднесениот приговор од страна на УО.

Во продолжение на ова, подносителката на претставката наведува дека на истиот ден на 11.11.2024 година, директорката донела Решение за престанок на работниот однос на подносителката, при што истиот ден таа била одјавена согласно податоците од Агенцијата за вработување. Последователно на вака донесеното решение, подносителката повела постапка пред Државниот инспекторат за труд, кој извршил вонреден инспекциски надзор над ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари, следствено на што донел Решение со кое се изрекува инспекциска мерка ОПОМЕНА против в.д. директорката , задолжувајќи ја

градинката да донесе акт со кој ќе го поништи решението за престанок на работен однос на подносителката. Во продолжение на ова, наведено е дека оспореното решение било поништено, меѓутоа подносителката истакнува дека на 19.12.2024 година работодавачот ја пријавил на работно место хигиеничарка, при што во подносителката истакнува дека во ниту еден момент не потпишала Решение за вработување на наведеното работно место.

На крајот на претставката, подносителката наведува дека стресот кој го доживеала заради дејствувањата на директорката на градинката не завршува со нејзиното пријавување на работно место хигиеничарка, додавајќи дека на 8.1.2025 година, таа добила писмена опомена со образложение дека наводно не била на работа, тврдејќи дека ваквото дејствување е со цел да биде повторно санкционирана. Подносителката истакнува дека е самохрана мајка на 3 малолетни деца кои ги издржува со сопствената плата, при што на крајот повторно нагласува дека смета дека ваквата дискриминација која ја трпи е поради неподдржувањето на ставовите на градоначалникот на општината на седниците на општинскиот совет.

Во прилог на претставката беше доставен следната документација:
- Решение за прераспределба на работна позиција хигиеничар бр. ;
- Решение за одбивање на приговор бр. 03-304/1 од 11.11.2024 година;
- Решение за престанок на работен однос бр. 04-304/2 од 11.11.2024 година;
- Решение за исправка на решение за престанок на работен однос бр. 04-3221 од 22.11.2024 година;
- М1/М2 образец од 20.12.2024 година;
- Решение на Државен инспекторат за труд бр. 03-316/5/10 од 12.12.2024 година;
- Решение за поништување на решение за престанок на работен однос бр. 04-355/1 од 18.12.2024 година;
- Писмена опомена бр. 03-5/1 од 8.1.2025 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 20.1.2025 година испрати Известување бр. 08-85/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари.

На ден 4.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари, заведено под арх. бр. 08-85/3.

На почетокот на произнесувањето, в.д. директорката истакнува нејзиното назначување било согласно законските процедури и регулативи, во консултација со надлежното Министерство за труд и социјална политика, при што наведува нејзиниот однос со подносителката на претставката секогаш бил базиран на највисок степен на толерантност, разбирање и професионална комуникација, истакнувајќи дека во ниту еден момент не биле потенцирани или нагласени разликите во образованието, работната позиција, статусот на заедницата, политичката определба и.т.н.

Во однос на личниот однос помеѓу вработената и градоначалникот на Општина Шуто Оризари, в.д. директорката смета дека истото е ирелевантно, истакнувајќи дека таа во ниту еден момент на извршување на должноста директор немала никакви влијанија од страна на градоначалникот или Општината. Дополнително на ова, в.д. директорката наведува дека освен во случаи на официјална покана за учество на седници кои се однесуваат на програми, извештаи, буџети и слични професионални прашања поврзани со детската градинка, не учествувала на други седници на Советот на Општина Шуто Оризари, истакнувајќи дека

односот помеѓу вработената и градоначалникот не се во нејзина надлежност, ниту пак истата си зела за право да дава насоки или сугестии во однос на нивниот личен или професионален однос.

Како одговор на наводите од претставката за заштита од дискриминација во однос на Решението за прераспределба од позиција негувателка на позиција хигиеничарка, донесено на 28.10.2024 година, во произнесувањето е истакната следната фактичка состојба по хронолошки редослед:

Поради фактот што при стапувањето на должност на моменталната в.д. директорка не било извршено официјално примопредавање на должноста, наведено е дека таа спровела редовна контрола на досиејата на вработените преку целосно разгледување на сите релевантни информации и документација, со цел обезбедување точност и транспарентност на процесот, Оттука, било констатирано дека подносителката на претставката не поседува обновена лиценца за работа како негователка во детска градинка, која лиценца е неопходна за работење, односно воспитување, грижа и чување на деца. Во однос на претходно наведеното, истакнато е дека вработената иако била свесна за вака настанатата ситуација, не успеала согласно нејзините укажувања навреме да поднесе барање за обновување на лиценцата за работа до надлежната Комисија за лиценцирање во рамките на Министерството за социјална политика, демографија и млади согласно член 179 од Законот за заштита на децата.

Во однос на истакнатата фактичка ситуација во претставката за личната ситуација на подносителката како самохрана мајка која претрпела семејно насилство, во произенесувањето е наведено дека в.д. директорката никогаш не вршела притисок врз било кој основ врз подносителката или во врска со статусот на немање на лиценца за негувателка, при што во однос на истото, од страна на градинката било испратено барање за официјална информација доколку подносителката ја обновила својата лиценца за работа до Министерството за социјална политика, демографија и млади. Оттука, ресорното министерство на 11.9.2024 година до ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари испратило одговор дека лиценцата во прашање не е обновена, поради што градинката побарала дополнителни инструкции за постапување согласно наведената состојба. Во врска со претходно наведеното, согласно произнесувањето, надлежните од градинката биле упатени да се обратат во од секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата во секторот за заштита на децата при Министерството за социјална политика, демографија и млади. Следствено на ова, во телефонски разговор со раководителката на секторот за заштита на децата и семејството, на вработените во градинката им било посочено дека согласно Законот за заштита на децата, нема правен основ за престанок на работниот однос на воспитувачи/негователи кои го изгубиле правото на добивање на лиценца, меѓутоа биле насочени конкретната вработена да ја прераспределат на друга работна позиција за која не е потребно да поседува лиценца.

Во однос на постапката за прераспределба на подносителката на друга работна позиција, на 17.10.2024 година в.д. директорката на градинката изготвила одлука за прераспределба на работна позиција од негователка во хигиеничарка, при што наведената одлука ѝ била врачена на подносителката на 25.10.2024 година. Подносителката доставила писмена изјава дека одбива да ја потпише доставената одлука, по што на 28.10.2024 година било донесено Решение за прераспределба на работна позиција од негователка во хигиеничарка, последователно на што подносителката на претставката за заштита од дискриминација поднела приговор против истото до Управниот одбор на градинката и до 30.10.2024 година, прекинала да се појавува на работното место. Вака поднесениот приговор бил одбиен од страна на УО на градинката, при што на одржаниот состанок на УО била донесена одлука да

се изготви решение за одбивање на приговорот како неоснован и Решение за раскинување на договорот за работа со вработената, поради фактот што согласно електронската евиденција за присуство на вработените, вработената неоправдано отсуствувала 3 последователни дена. По однос на вака донесеното решение за престанок на работниот однос, подносителката поднела приговор преку адвокат на 14.11.2024 година, кој бил одбиен од страна на Управниот одбор поради фактот што поднесениот приговор преку адвокат не содржел и полномошно дадено од страна на подносителката.

Во продолжение на ова, истакнато е дека ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари била под вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, по добиена анонимна пријава за статусот на вработената , при што по 3 недели надзор и преглед на целокупната документација, на 12.12.2024 година ДИТ донел акт со кој го поништил решението за престанок на работниот однос на подносителката. Согласно спроведениот инспекциски надзор, ДИТ донел решение со кое ја задолжува ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари да донесе акт со кој ќе го поништи Решението за престанок на работен однос на работничката Ваквото постапување било врз основа на утврдената фактичка состојба од страна на инспекторатот согласно која при увид во компјутерскиот систем за електронска евиденција на работно време, било утврдено дека за вработената не се евидентирани податоци за влез/излез. Во продолжение на ова, во записникот од инспекцискиот надзор е утврдено дека в.д. директорката изјавила дека системот за електронска евиденција бил воведен на 15.10.2024 година, при што директорката во заедничка група на социјален медиум во која членувале сите вработени, ги повикала да си ги подигнат картичките за електронско евидентирање на работното време, при што подносителката на претставката не ја подигнала својата. Оттука, инспекторатот утврдил дека во услови кога работникот не пристапил доброволно да ја подигне картичката за евиденција на работното време, работодавачот бил должен со писмен акт во форма на задолжување/реверс и слично да го задолжи работникот со картичката за електронска евиденција на работното време, при што доколку работникот одбие да ја прими истата, таквото постапување треба да биде писмено нотирано во актот. Имајќи го предвид претходно наведеното, поради фактот што во конкретниот случај станувало збор за услови кога работодавачот не приложил доказ дека писмено ја задолжил вработената со картичка за електронска евиденција за работно време и кога картичката не се наоѓа кај работникот, во записникот на ДИТ е наведено дека не може со сигурност да се утврди кога и во кои денови вработената отсуствувала од работното место.

Следствено на вака спроведениот инспекциски надзор, градинката донела ново решение со кое се поништува Решението за престанок на работниот однос, заведено под арх. бр. 04-355/1 од 18.12.2024 година, по што на 19.12.2024 година било донесено и ново решение за враќање на работа на вработената а работно место хигиеничарка, заведено под арх. бр. 04-357/1. По ваквото постапување на градинката, Државниот инспекторат за труд на 26.12.2024 година извршил контролен инспекциски надзор, при што согласно записник за извршениот инспекциски надзор 0304-21/1 од 24.1.2025 година, било утврдено дека работодавачот во рокот утврден со решението постапил по инспекцискиот акт опомена и донел акт со кој го поништил Решението за престанок на работен однос на работничката поради што согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор, ваквата постапка се запира.

Во однос на картичката за електронско евидентирање на работно време, градинката го известила Државниот инспекторат за труд дека истата ѝ била врачена на подносителката на претставката на 20.11.2024 година, согласно Изјава за прием на картичка потпишана од нејзина страна.

Во продолжение на ова, во произнесувањето е наведено дека согласно електронската евиденција за присуство на подносителката на работното место, по врачувањето на електронската картичка, во периодот од 23,27,30 и 31 декември 2024 година, заклучно со 8 јануари 2025 година, подносителката не го почитувала работното време, распоредот и користењето на работното време, за што на 8.1.2025 година ѝ била испратена писмена опомена преку електронска пошта. Во однос на ваквата опомена, подносителката на 9.1.2025 одговорила со порака со следната содржина: „Ве замолувам вашата евиденција да ја проверите подобро и доколку има потреба и камерите. Поради вашето обраќање со „знаете каде ви е работното место хигиеничар" вршите дискриминација и обид за омаловажување да ме деградирате со тоа што незаконски ме ставате да работам работи кои не се во доменот на моите работни задачи како негувател, односно ме ставате да работам како хигиеничар спротивно на законот. Ве известувам дека од денес сум на боледување." Дополнително на ова, во произнесувањето се наведува дека на 10.1.2025, од страна на градинката до подносителката било испратено писмено известување на поднесениот приговор, образложувајќи дека решението Државниот инспекторат за труд не дал задолжение да подносителката биде вратена на позиција на негувателка, туку само да биде поништено решението за отказ, дополнително на што се образложува дека подносителката го изгубила правото да биде вработена како негувателка, бидејќи согласно член 179 од Законот за заштита на децата, таа не ја обновила нејзината лиценца во предвидениот рок поради што веќе не ги исполнува условите за работа со деца.

Во продолжение на произнесувањето, наведено е дека и покрај барањето упатено кон подносителката на претставката на 10.1.2025 година да достави документ за отвореното боледување кое истата го најави, следеле уште 3 барања со истата содржина испратени на 20.1, 28.1 и 29.1.2025 година, при што подносителката на 24.1.2025 година доставила запис за прием на болно лице – нејзиниот син, без официјален документ за боледување. Во однос на ова, поради сомнение дека подносителката го злоупотребува своето боледување, а во интерес на утврдување на фактичката состојба, детската градинка побарала информација од градоначалникот на Општина Шуто Оризари во однос на присуството на подносителката во својство на советничка во Општинскиот Совет, при што добиле информација дека поради здравствени причини, најавила отсуство на седницата која се одржала на 24.12.2024 година, додека била присутна на седниците на 11.11.2024 година, 25.12.2024, 10.1.2025 и 23.1.2025 година. Поради вака прибавената информација, од страна на градинката истакнуваат дека подносителката присуствувала на седници на Општинскиот Совет, додека во рамките на нејзиното работно место имала отворено боледување од 9.1.2025 година до 23.1.2025 година.

Во произнесувањето е исто така наведено дека на 17.1.2025 година од страна на Државниот инспекторат за труд бил направен вонреден инспекциски надзор во врска со наводите од претставката дека ДИТ со Решение го задолжува работодавачот ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари да ја врати и на работно место негувателка, се констатира дека во Решението ИП1 бр. 0907-2077 од 11.12.2024 година ДИТ не дал задолжение работодавачот да ја врати подносителката на работно место негувателка, при што ДИТ се обратил до Министерството за социјална политика, демографија и млади, при што истакнато е дека по извршениот инспекциски надзор од страна на Министерството на 30.1.2025 година, се во исчекување на записникот со утврдени/неутврдени неправилности.

На крајот на произнесувањето, в.д. директорката на ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари целосно ги отфрла истакнатите наводи за сторена дискриминација, истакнувајќи дека постапила согласно законските и етичките стандарди, особено имајќи предвид дека подносителката на претставката не одговорила на барањата и не доставила соодветно оправдување за своето отсуство, дополнително осврнувајќи се на нејзиното учество на

седниците на Општинскиот Совет во периодот на пријавено боледување. Оттука, во произнесувањето е наведено дека делувањето на в.д. директорката било насочено кон обезбедување на ред и законско функционирање на работниот процес на градинката, без влијание на личните околности или политичките ставови на вработените, потенцирајќи дека во ниту еден момент откако бил започнат процесот на проверка на досиејата на вработените, не била направена дискриминација која би ја спречила подносителката да ги остварува своите права, вклучувајќи ги и здравствените бенефиции, истакнувајќи дека процесот на проверка на досиејата бил спроведен согласно законските процедури и регулативи и во целосна согласност со принципите на еднаквост и недискриминација, како што е предвидено во Националната и меѓународната правна рамка за заштита на работничките права.

Во прилог на произнесувањето беше доставена следната документација:

- Барање за информација за статус на лиценца на вработената до Комисија за лиценцирање бр. 03-183/1 од 22.8.2024 година;
- Известување за статус на лиценца од Комисија за лиценцирање на стручни лица бр. 0302-183/2 од 11.9.2024 година;
- Барање информации за постапување при случај на работен однос на вработен без лиценца за негувател од Министерство за социјална политика, демографија и млади од 18.9.2024 година;
- Одговор – информација, препраќање до Сектор за заштита на децата при Министерството за социјална политика, демографија и млади од 2.10.2024 година;
- Решение за прераспределба на работна позиција хигиеничарка бр. 04-270/3 од 28.10.2024 година;
- Одлука за прераспределба на работа позиција 04-261/1 од 17.10.2024 година;
- Изјава од ı за одбивање потпишување на одлука за прераспределба бр. 270/2 од 25.10.2024 година;
- Приговор против Решение за прераспределба поднесен од страна на адв. во прилог полномошно, заведен под арх. бр. 03-278/1 од 30.10.2024 година;
- Записник од состанок на Управен одбор бр. 02-296/1 од 5.11.2024 година;
- Решение за одбивање на приговор против Решение за прераспределба, заведено под арх. бр. 03-304/1 од 11.11.2024 година;
- Решение за престанок на работен однос поради 3 последователни дена неоправдано отсуство бр. 04-304/2 од 11.11.2024 година;
- Приговор на решение за престанок на работен однос заведен под бр.03-308/1 од 14.11.2024;
- Покана за итна средба на УО по повод приговор на Решението за престанок на работниот однос на подносителката од 14.11.2024 година;
- Записник од вонреден состанок на УО на градинката одржан на 19.11.2024 година и во прилог писмена согласност од членовите на УО за проследување со одбивање на поднесениот приговор од страна на
- Одлука на УО на ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари за одбивање на приговор на решение за престанок на работа на ı бр. 02-321/1 од 22.11.2024;
- Образложение за подготовка на одговор на приговор по задолжение на УО на градинката бр. 03-319/3 од 22.11.2024 година;
- Решение за исправка на решение за престанок на работен однос, заведено под арх. бр. 04-322/1 од 22.11.2024;
- Решение за изрекување инспекциска мерка ОПОМЕНА, бр. 0306-3460/1 од 12.12.2024 година, издадено од страна на Државен инспекторат за труд;
- Решение за поништување на решение за престанок на работниот однос на подносителката, заведено под арх. бр. 04-355/1 од 18.12.2024 година;

- Решение за враќање на работа на вработената на работно место хигиеничарка бр. 04-357/1 од 19.12.2024;
- М1М2 образец за пријава на подносителката на работно место хигиеничарка од 20.12.2024;
- Изјава од страна на подносителката за прием на картичка за електронско евидентирање на влез и излез бр. 03-362/1 од 20.12.2024;
- Известување до ДИТ за преземање на дејствија по добиено Решение од вонреден инспекциски надзор бр. 03-367/1 од 23.12.2024;
- Записник од извршен инспекциски надзор бр. 0304-21/1 од 24.1.2025 година, издаден од страна на Државниот инспекторат за труд;
- Приговор од подносителката на претставката против решение за враќање на работно место хигиеничарка бр. 03-378/1 од 30.12.2024;
- Листи за електронско евидентирање за подносителката на претставката за месец декември 2024 и јануари 2025;
- Писмена опомена за непочитување на работно време, распоред и користење на работно време 03-5/1 од 8.1.2025 година;
- Одговор на писмена опомена од 9.1.2025 година;
- Известување по поднесен приговор бр. 03-8/1 од 10.1.2025;
- Барање за доставување на доказ за боледување од 10.1.2025, 20.1.2025, 28.1.2025 и 29.1.2025 година;
- Боледување за деновите од 9.1.2025 до 23.1.2025 година, доставено на 30.1.2025;
- Боледување за синот на подносителката, отворено на ден. 24.1.2025 година;
- Потврди за отсуство од работното место на подносителката на претставката поради учество на седници на Советот на Општина Шуто Оризари за деновите 11.11.2024, 24.12.2024, 25.12.2024, 10.1.2025 и 23.1.2025;
- Записник за извршен инспекциски надзор од страна на ДИТ бр. 03-21/2-4 од 24.1.2025 година.

Поради потребата од прибирање на дополнителни информации во врска со наводите во претставката, а со цел кредибилно и мериторно донесување на мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 17.2.2025 година до Комисијата за лиценцирање на стручни лица достави барање за информации согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, барајќи информација во однос на следното:

- Кој доставува барање за обновување на лиценца за вработени во ЈОУДГ – имателот на лиценца или работодавачот?
- Кој го поднел барањето за обновување на лиценцата за негователка на подносителката на претставката
- Дали во периодот кога било поднесено барањето за обновување на лиценцата од страна на подносителката, Комисијата за лиценцирање на стручни лица непречено постапувала по барања?

На 26.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на барањето за информации од страна на Комисијата за лиценцирање на стручни лица во рамки на Министерството за социјална политика, демографија и млади, заведено под арх. бр. 08-85/5.

Во предметниот одговор, Комисијата за лиценцирање наведува дека имајќи ги предвид одредбите од член 179 од Законот за заштита на децата, во конкретниот член не е изречно наведено кој го доставува барањето за обновување на лиценца, меѓутоа имајќи го предвид фактот дека Лиценцата е документ кој се издава на лично име на подносителот на барањето

и кому му претставува неопходен услов за вработување во системот на заштита на децата, странките во поголем број на случаи сами го поднесувале барањето.

Во однос на второто поставено прашање, во одговорот е наведено дека конкретното барање за обновување на лиценцата на подносителката на претставката за заштита од дискриминација арх. бр. 11-586 од 18.9.2023 година било поднесено од страна на странката, при што истото било своерачно пополнето и потпишано, за што во прилог на одговорот е испратена и копија од предметното барање.

На крај, од страна на Комисијата за лиценцирање на стручни лица истакнуваат дека во периодот кога било поднесено барањето за обновување на лиценцата на подносителката на претставката, како и во целиот период, Комисијата континуирано работи и постапува по барања за обновување на лиценци и на лицата кои ги исполнуваат условите согласно закон, им ги обновува лиценците. Оттука, даваат информација дека странката конкретното барање го поднела по истекот на законски предвидениот рок и за истото била информирана од страна на Комисијата за лиценцирање со допис бр. 11-5888/2 од 6.9.2024 година, со препорачана пратка, при што истата не била подигната од нејзина страна и е вратен на испраќачот од страна на поштенските служби.

Во прилог на доставениот одговор, Комисијата за лиценцирање на стручни лица достави копии од Барањето за проолжување/обновување на лиценца бр. 11-586/450 поднесено од страна на подносителката на претставката; Лиценцата за негувател на подносителката издадена на 22.8.2018 година и со времетраење од 7.8.2018 година до 7.8.2023 година и Известување бр. 11-5888/2 до подносителката дека подносителката не го испочитувала законски предвидениот рок за поднесување на барање за обновување на лиценца, со дополнително упатство доколку постои интерес од нејзина страна да се стекне со лиценца за работа како негувателка, потребно е да поднесе барање за полагање на испит за проверка на примената на стручното знаење за стекнување на лиценца за работа за негувателка.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ЈОУДГ „8-ми Април“ Шуто Оризари врз согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Имено, во конкретниот случај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

В.д. директорката на ЈОУДГ „8-ми Април“ Шуто Оризари, по нејзиното стапување на должност, спровела редовна контрола на работните досиеја на вработените, по што увиделе дека подносителката на претставката за заштита од дискриминација немала обновена лиценца за работа како негувателка, односно нејзината лиценца била со времетраење до 7.8.2023 година. Оттука, со цел законско постапување во однос на правниот статус како вработена во градинката, од ЈОУДГ „8-ми Април“ Шуто Оризари проследиле со прибирање на дополнителни информации, при што најпрво се обратиле до Комисијата за лиценцирање на

стручни лица на 23.8.2024 година. Наведената комисија им потврдила дека подносителката не ја обновила лиценцата навремено, односно поднела барање за обновување на истата по истекот на законски предвидениот рок (на 18.9.2023 година). Следствено на ова, Комисијата за лиценцирање изготвила допис до подносителката на претставката, известувајќи ја за неможноста веќе постоечката лиценца да биде обновена, упатувајќи ја подносителката доколку сè уште има интерес за стекнување со лиценца, да проследи согласно законски предвидената постапка за добивање на лиценца. Оттука, во однос на статусот на вработена без лиценца, ЈОУДГ побарала информации и упатство за понатамошно постапување од Министерството за социјална политика, демографија и млади и Секторот за заштита на децата во рамки на наведеното Министерство, при што во одговорот на претставката е посочено дека раководителката на секторот за заштита на децата ги известила дека немаат законски основ за прекинување на работен однос на вработени воспитувачи и негователи кои го изгубиле правото на добивање на лиценца, меѓутоа, постои можност да ваквите вработени бидат прераспределени на друга работна позиција за која не е потребна лиценца за работа со деца.

Водејќи се од вака прибавените информации, надлежните во градинката ја прераспределиле подносителката на претставката од позиција негователка, на работна позиција хигиеничарка, за која не била потребна лиценца за негувател согласно Законот за заштита на децата. Следствено на ваквата прераспределба, подносителката на претставката проследила со поднесување приговор против истата и согласно наводите од произнесувањето, електронската евиденција и постапките кои се воделе во рамките на градинката, неоправдано изостанување од работното место за 3 последователни дена. Поради вака утврдената фактичка состојба од страна на градинката, било донесено решение за прекинување на работниот однос на подносителката на 11.11.2024 година, со образложение дека од 30.10.2024 година, вработената не била евидентирана дека присуствувала на работното место, и притоа, ваквото отсуство не го оправдала со медицинска потврда или било каква друга релевантна документација што би го оправдала истото. Ваквото решение е донесено согласно член 81, став 1, точка 4, 5 и 6 и член 82, став 1 точка 1 од Законот за работни односи (Службен весник бр. 39/2025), кои гласат:

*Член 81*

*„(1) Работодавачот може да му го откаже договорот за вработување на работникот поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, акт на работодавачот и договорот за вработување со отказен рок, особено ако:*

*4) не се придржува на работното време, распоредот користењето на работното време;*

*5) не побара отсуство или навремено писмено не го извести работодавачот за отсуството од работа;*

*6) поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа, писмено не го извести работодавачот; "*

*Член 82*

*„(1) Работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување без отказен рок во случаите на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој или друг закон, колективен договор, правилата за работниот ред и дисциплина и договорот за вработување, а особено ако работникот:*

*1) неоправдано изостане од работа* ***три последователни работни дена*** *или пет работни дена во текот на една година."*

Во однос на вака донесеното решение, подносителката поднела приговор до Управниот одбор на градинката, дополнително на што од страна на анонимен подносител била поднесена и претставка до Државниот инспекторат за труд во однос на донесеното решение за ı. По спроведениот вонреден инспекциски надзор на 27.11.2024 година, ДИТ констатирал недостатоци во постапката за донесување на решението, постапувањето по приговорот поднесен против истото, како и фактот дека системот за електронска евиденција на вработените во градинката бил воведен на 15.10.2024 година, додека подносителката на претставката не ја подигнала својата картичка за електронско евидентирање на работното време како и останатите вработени, поради што и ДИТ констатира дека не може со сигурност да се утврди кога и во кои денови вработената отсуствувала од работа. Поради претходно наведеното, ДИТ на 12.12.2024 година донел Решение бр. 0306-346/1 со кое поради утврдените неправилности, изрекува инспекциска мерка – ОПОМЕНА, задолжувајќи ја ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари „Да донесе Акт со кој ќе го поништи Решението за престанок на работен однос на работникот арх. заведено под бр. 04-304/2 од 11.11.2024 година".

Следствено на вака упатеното задолжение, градинката на 18.12.2024 година донела Решение за поништување на Решението за престанок на работниот однос на работникот о што на 19.12.2024 било донесено Решение бр.04-357/1 за враќање на работа на подносителката на работно место хигиеничар. Дополнително на ова, на 20.12.2024 година, на подносителката ѝ била врачена картичката за електронско евидентирање на работното место, согласно Изјава за прием на картичка за влез и излез бр. 03-362/1, своерачно потпишана од нејзина страна.

На 26.12.2024 година, ДИТ извршил контролен инспекциски надзор врз ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари, при што согласно Записник за извршен инспекциски надзор бр. 0304-21/1 од 24.1.2025 година, констатирал дека работодавачот постапил по инспекцискиот акт – опомена и донел акт со кој го поништил Решението за престанок на работниот однос на подносителката, сето тоа во рокот утврден со Решението на ДИТ. Следствено на вакваутврдената фактичка состојба, инспекторатот ја запрел постапката. Во меѓувреме, подносителката на претставката доставила приговор против Решението за враќање на работно место негувател, кој бил одбиен од страна на УО на градинката. Во продолжение на ова, во произнесувањето по наводите од претставката се дадени дополнителни информации во однос на повеќекратни отсуства на подносителката од работното место во времетраење од по неколку денови, при што за едно од нив кое не е оправдано со соодветната документација ѝ е изречена писмена опомена, додека за останатите во прилог беше доставена документација за боледување на подносителката и нејзиниот син.

Согласно записникот за извршен инспекциски надзор бр. 0304-21/2 од 24.1.2025 година, Државниот инспекторат за труд, истиот наведува дека ќе се обрати до Министерството за социјална политика, демографија и млади, поконкретно до Секторот за инспекциски надзор од областа на социјалната заштита и заштита на децата, со барање да биде извршен надзор врз примената на Законот за заштита на децата, имајќи го предвид преместувањето на подносителката на претставката, поради статусот на нејзината истечена и необновена лиценца за негувателка, при што конкретниот орган би утврдил дали прераспределбата на работно место хигиеничар е во согласност со Законот за заштита на децата. Во моментот на донесувањето на ова мислење, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не беше доставена информација во однос на потенцијалното постапување на Секторот за инспекциски надзор од областа на социјалната заштита и заштита на децата.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, во конкретниот случај подносителката на претставката ја поднесува истата против нејзиниот работодавач – ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари, при што смета дека постапувањето на работодавачот е дискриминаторско, и тоа врз основ на нејзиното политичко уверување, поврзувајќи го истото со фактот дека в.д. директорката на градинката е назначена од страна на градоначалникот на Општина Шуто Оризари. Во смисла на претходно наведеното, подносителката го образложува ваквиот дискриминаторски основ осврнувајќи се на нејзината позиција како советник во Општина Шуто Оризари, при што смета дека наведеното постапување на градинката е поради тоа што на седниците на општинскиот совет гласала спротивно од уверувањето на градоначалникот на општина.

Имајќи ја вака наведената дискриминаторска основа предвид, Комисијата утврди дека не постои каузална врска помеѓу тврдењето дека гласањето во рамките на Општинскиот совет спротивно на уверувањето на градоначалникот на Општина Шуто Оризари, води до и предизвикува за последица на преместување на позиција хигиеничар. Имено, согласно член 177 од Законот за заштита на децата (Службен весник број 17/2025):

*„(1) Комисијата од членот 175 од овој закон врши лиценцирање на* ***лица кои се заинтересирани да се вклучат во системот за згрижување и воспитание за деца од предучилишна возраст****, на заинтересирани лица за директори на установи на деца, на заинтересирани лица за раководители на детска градинка/центар за ран детски развој како организациона единица основана од страна и во состав на правни лица, високообразовна установа и на приватно училиште и на лица вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст (директори на установи за деца, лице кое раководи со детска градинка/центар за ран детски развој, како организациона единица основана од страна и во состав на правни лица, високообразовна установа и на приватно училиште; стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и* ***негователи*** *во установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; лица вработени во агенциите за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст).*
*(2) Министерот на предлог на Комисијата за лиценцирање издава, обновува, продолжува и одзема лиценци за работа на лицата од ставот (1) на овој член.*
*(3) Против одлуката на министерот за издадена, продолжена, обновена и одземена лиценца за работа, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.*
*(4) Лиценцата за работа е јавна исправа и се издава во два примерока, од кои едниот примерок е за подносителот на барањето, а другиот примерок останува во Министерството. Лиценцата се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку подносителот на барањето зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, на негово барање истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.*
*(5) Во случај лиценцата за работа да се изгуби или уништи министерот по доставен предлог од страна на Комисијата за лиценцирање издава нов примерок-дупликат. Трошоците за издавање нов примерок-дупликат на лиценцата за работа ги сноси барателот и се во висина на износот на трошоците за издавање на лиценца за работа од членот 182 став (3) од овој закон. "*

Во однос на постапката за стекнување со лиценца за негувател, член 177 – а, став 1 од Законот за заштита на децата гласи:

*„ (1)* ***Заинтересираните лица*** *за директори на установи за деца, лица кои ќе раководат со организациони единици во состав на правно лице од членот 16 ставови (4), (5) и (6) од овој закон; стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и* ***негователи*** *во установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; физички лица кои ќе вршат определени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и за лица кои ќе бидат ангажирани/вработени во агенциите за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст полагаат стручен испит за стекнување на лиценца за работа заради проверка на потребното стручно знаење за работа. “*

Постапката за обновување на веќе стекнатата лиценца за неговател е уредена во член 179 од Законот за заштита на децата, согласно кој:

*„ (1) Обновување на лиценца за работа се однесува на лицата кои се стекнале со лиценца за работа од членот 178 став (1) од овој закон и кои во периодот на важноста на лиценцата имаат посетено едукација за професионален развој во траење од 40 часа за директор, 20 часа за стручен работник, стручен соработник и воспитувач и 10 часа за неговател.*
*(2)* ***За обновување на лиценца за работа се поднесува барање до Комисијата за лиценцирање*** *од членот 175 од овој закон* ***најмалку три месеци пред истекот на важноста на лиценцата*** *за работа.*
*(3) Кон барањето за обновување на лиценцата за работа од став (2) на овој член, се поднесуваат доказите од членот 177-а став (2) алинеи 2, 3, 4 и 5 од овој закон, копија од претходно издадена лиценца, докази за спроведена едукација за професионален развој (сертификати, потврди за посетени обуки, семинари, конференции, симпозиуми и друго), од областа на раниот детски развој во периодот на важноста на издадената лиценца и доказ за платен надоместок за трошоците за обновување на лиценцата за работа.*
*(4) Комисијата за лиценцирање проверката на спроведената едукација за професионален развој ја врши преку евалуација на документите од ставот (3) на овој член и констатира дали кандидатот со доставените докази го обезбедил потребниот број на часови за едукација.*
*(5) Врз основа на доставената документација од ставот (3) на овој член и извршената проверка за спроведената едукација Комисијата за лиценцирање откако ќе утврди дека се исполнети условите за обновување на лиценцата за работа доставува предлог до министерот за издавање на нова лиценца за работа.*
*(6) Лиценцата за работа од ставот (5) на овој член е за период од пет години.“*

Видно од доставената документација во произнесувањето на ЈОУДГ „8-ми Април“ Шуто Оризари, како и дописот со дополнителни информации испратен од страна на Комисијата за лиценцирање на стручни лица, може да се воочи дека подносителката на претставката поднела барање за продолжување/обновување на лиценца на 18.9.2023 година, заведено под арх. број 11-586/450. Меѓутоа, првично издадената лиценца која подносителката побарала да ѝ биде обновена, била издадена за периодот од 7.8.2018 година со времетраење до 7.8.2023 година. Оттука, Комисијата за лиценцирање на стручни лица утврдила дека согласно погоре наведениот член 179 став 2 од Законот за заштита на децата, подносителката не го поднела предметното барање навремено согласно законски определениот рок, поради што и го изгубила правото да ја обнови веќе постоечката лиценца за негователка, следствено на што Комисијата за лиценцирање на стручни лица ја упатува истата, доколку е заинтересирана повторно да се стекне со лиценца за негователка, најпрво да проследи со поднесување Барање за полагање на испит за проверка на примената на нејзиното стручно знаење, согласно постапката за добивање на лиценца за неговател.

Имајќи го ова предвид, подносителката на претставката не воспоставила каузална врска помеѓу наведениот дискриминаторски основ и актот на нејзиното преместување на

позиција хигиеничарка, поради фактот што поседувањето на важечка лиценца за негователка е неопходна за работа со деца, на позиција негователка, согласно Законот за заштита на децата. Поради вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување врз имајќи го предвид фактот дека подносителката не докажала дека постои каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и дејствијата со кои тврди дека била дискриминирана.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

**Доставено до:**

- ЈОУДГ „8-ми Април" Шуто Оризари, ул. „Виетнамска" бр. 49, 1000 Скопје